**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

# Известување за концентрација со која

# АГРАНА ги стекнува сите акции и единствена контрола врз АВСТРИЈА ЏУС ГмбХ

**(предмет бр.08-106/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 01.07.2025, до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација која се однесува на стекнувањето од страна на АГРАНА на сите акции во и единствена контрола врз АВСТРИЈА ЏУС ГмбХ , со седиште на Кроллендорф 45, 3365 Аллхартсберг, Австрија, корпоративен идентификациски бр. 51816 а.

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

Групацијата на друштва АГРАНА е преработувач на земјоделски суровини, кои се структурирани во три оперативни дивизии: шеќер, скроб и овошје. АГРАНА е лидер на пазарот во производството на овошни преработки и е меѓу најважните производители на овошни сокови од концентрат во светот. Таа е главен снабдувач на производи од скроб прилагодени на потребите на клиентите и биоетанол во Европа и водечка компанија за шеќер во Централна, Источна и Југоисточна Европа. Концентрацијата се однесува на дивизијата за овошје на АГРАНА, предводена од АГРАНА Интернационале Ферbacktunгс- унд Асет-Менаџмент ГмбХ , Австрија, преку која АГРАНА има намера индиректно да ги стекне сите акции и единствената контрола врз АВСТРИЈА ЏУС. Групацијата АГРАНА има едно поврзано друштво во Северна Македонија, Друштво за трговија на големо АГРАГОЛД ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Качанички пат бр. 168, 1000 Скопје, Северна Македонија со ЕМБС 6176640 со приоритетна дејност 46.360 – Трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер.

АВСТРИЈА ЏУС е производител и препродавач на сокови од концентрати главно од јаболка, црвено овошје и бобинки, како и соединенија и ароми за пијалоци. Стопанисува со 13 производствени погони со над 1.000 вработени лоцирани во Австрија, Германија, Унгарија, Полска, Романија, Украина и Кина, и нуди широко портфолио на овошни сокови од концентрат, овошни сокови што не се од концентрат, соединенија за пијалоци, природни ароми, овошни вина и јаболковини, како и овошни засладувачи.

Според подносителот на известувањето како релевантни пазари на стоки за предметната концентрација би можеле да се дефинираат:

- предложената трансакција се однесува на пазарот за ароми.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

Скопје

04.07.2025

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**